ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ
СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302/1083-043
20.03 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 и 32 а во врска со член 10, став 1, точка 6 и член 11, став 2, точка 6 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република С. Македонија ( во понатамошниот текст само: “ ИСОС“), и член 2 од Тарифникот за висината на членарината и Измената на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците, Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија на седницата (conference call) на Управниот Одбор, одржана на 20.03.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за одлагање на плаќање на месечна членарина

**Член 1**
Со оваа Одлука се врши одлагање на обврската за плаќање на месечната чланарина од страна на членовите на Институтот и тоа започнувајќи со членарината за месец март 2020.
Одлагањето на обврската за плаќање на месечната чланарина се врши како резултат на состојбата на прогласена пандемија на COVID -19 и прогласување на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија, а пред се со цел излегување во пресрет на членовите на Институтот заради надминување на финансиските потешкотии во кои истите може да се најдат како резултат на настанатата ситуација и одржување на нивната ликвидност.

**Член 2**
Обврската за плаќање на месечната членарина се одлага на неодредено време и времетраењето на одлагање ќе зависи од состојбата со COVID-19 и траењето на вонредната состојба во Република Северна Македонија.

**Член 3**
Управниот одбор по прекин на вонредната состојба во Република Северна Македонија и почетокот на нормалниот тек на одвивање на работите пред се во секторот на сметководството и воопшто во другите сектори, ќе донесе одлука за продолжување на обврската за плаќање на месечната членарина и начинот на плаќање на заостанатите месечни членарини.

**Член 4**
Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Институт на сметководители

и овластени сметководители

на РМ Скопје,

М-р Ленче Папазовска,

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ИСОС
СКОПЈЕ